**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1103-91/2**

**Скопје, 31.01.2007 година**

**УНИВЕРЗИТЕТ„СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ„ СКОПЈЕ**

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Универзитет „Св Кирил и Методиј“ Скопје, Економски факултет - Сметка за средства од Буџетот на РМ, за 2005 година, кои се прикажани на страните 3 до 5.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Универзитет „Св Кирил и Методиј“ Скопје, Економски факултет - Сметка за средства од Буџетот на РМ, за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

    - Проф Д-р Бобек Шуклев, Декан

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните 1 до 2, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 30.10.2006 до 28.12.2006 година, од страна на ревизорски тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изнесеното мислење.

11. Според наше мислење, финансиските извештаи ја претставуваат вистинито и објективно, според сите значајни аспекти финансиската состојба на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје , Економски факултет под 31 Декември 2005 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум во согласност со важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење, кај Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје, Економски факултет е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2005 година.

**Скопје, 30.01.2007 година** **Овластен државен ревизор**

**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ СКОПЈЕ**
**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ СКОПЈЕ**
**Средства од Буџетот на РМ**
**ПРЕТХОДЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2005 година

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | 2005 | 2004 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 41.560 | 38.338 |
| **Вкупно приходи** | **41.560** | **38.338** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 35.911 | 35.537 |
| Стоки и услуги | 5.525 | 2.679 |
| Субвенции и трансфери | 124 | 122 |
| **Вкупно тековни расходи** | **41.560** | **38.338** |
| **Вкупно расходи** | **41.560** | **38.338** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2005 | 2004 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| | | |
| **Тековни средства** | | |
| Активни временски разграничувања | 2.837 | 2.682 |
| **Вкупно тековни средства** | **2.837** | **2.682** |
| | | |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални средства | 124.510 | 126.224 |
| **Вкупно постојани средства** | **124.510** | **126.224** |
| | | |
| **Вкупна актива** | **127.347** | **128.906** |
| | | |
| **Пасива** | | |
| | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 2.837 | 2.682 |
| **Вкупно тековни обврски** | **2.837** | **2.682** |
| | | |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 123.958 | 125.672 |
| Ревалоризациона резерва | 552 | 552 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **124.510** | **126.224** |
| | | |
| **Вкупна пасива** | **127.347** | **128.906** |

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2005 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Ревалоризацион а резерва | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2005 година** | **125.672** | **552** | **126.224** |
| **Зголемување по основ на:** | **556** | **-** | **556** |
| Набавки | 556 | | **556** |
| **Намалување по основ на:** | **2.270** | **-** | **2.270** |
| Амортизација | 2.270 | | **2.270** |
| **Состојба 31.12.2005 година** | **123.958** | **552** | **124.510** |